РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 21.10.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 03 | 4333/1 | | |

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ИМПУЛС РАДИО ДООЕЛ с.Сушица, Ново Село

3. **Датум на извршување на надзорот:** 21 октомври 2024 година

4. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, според кој *„За обезбедување на телевизиско или радио емитување покрај условите и обврските пропишани во овој закон, радиодифузерот треба да исполнува посебни минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови во зависност од програмскиот формат, пропишани со подзаконски акт донесен од страна на Агенцијата“*; и

   - **Член 9 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување** (Пречистен текст, бр. 01-3953/1 од 31.10.2023 година), според кој *„Имателот на дозволата за радио емитување е должен во редовен работен однос да има најмалку: ...1 (едно) лице кое учествува во создавањето на програмата, ако има дозвола за емитување програма на локално ниво, за подрачје со под 50.000 жители“* и *„Одговорниот уредник на програмскиот сервис треба да биде во редовен работен однос“.*

5. **Претходно изречена мерка:** /

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека ТРД ИМПУЛС РАДИО ДООЕЛ с.Сушица, Ново Село ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

**Образложение:** На 21 октомври 2024 година радиодифузерот достави во Агенцијата документ од кој е видно дека во радиостаницата во редовен работен однос со полно работно време е вработено едно лице кое учествува во создавањето на програмата и кое е одговорен уредник на програмскиот сервис.

***Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права***